Врз основа на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/22), Град Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
за доделување на финансиски средства за програми, проекти, програмски активности и манифестации во областа на спортот од интерес за Град Скопје
за 2023 година

**1. Предмет на јавниот повик**
1.1. Предмет на јавниот повик е доделување на финснсиски средства за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации од областа на спортот од интерес на Град Скопје за 2023 година, со цел поддршка и развој на спортот, како и афирмирање на Градот како развоен спортски центар со европски карактеристики.
1.2. Средствата од точка 1.1 се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година.
1.3. Доделувањето на финансиски средства за програмите, проектите, програмските активности и манифестациите во областа на спортот од интерес за Град Скопје за 2023 година е утврдено со посебни услови и критериуми, што се составен дел на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување финансиски средства за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации во областа на спортот од интерес на Град Скопје бр.08 – 3259/1 од 29.03.2023 година.

**2. Право на учество на јавниот повик**
Право на учество на јавниот повик имаат спортски субјекти, спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции (во понатамошниот текст: правни лица), регистрирани во Централен регистар со седиште во Скопје кои ќе ги исполнат критериумите од Правилникот и што ќе ја достават потребната документација.

**3. Опис на програми, проекти, програмски активности и манифестации**
Согласно Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/22), се доделуваат финансиски средства за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации и тоа за:

- **Избор на најуспешни спортистки и спортисти, тренер и спортска екипа на Град Скопје за 2023 година**
Град Скопје традиционално на крајот од годината ги вреднува и наградува постигнатите врвни резултати на индивидиуален и клупски план, направени од страна на спортистки и спортисти кои настапуваат за спортски клубови чие седиште е во Скопје.
Признанијата и наградите за најуспешните се доделуваат за следните категории: најуспешни 10 спортисти во сениорска категорија (мажи и жени), најуспешни 10 спортисти во младинска категорија (мажи и жени), најуспешен тренер, најуспешна спортска екипа од Скопје, најуспешен/на спортист/ка кој/а настапува во екипа од Скопје и најуспешен/на спортист/ка во категоријата на лица со инвалидност.
- **Манифестации од особен интерес за Град Скопје**
Во областа на манифестации од особен интерес, Градот Скопје ќе доделува финансиски средства за програмите, проектите, програмските активности и манифестациите на сите заинтересирани спортски субјекти и субјектите што организираат спортско-рекреативни активности кај лицата со попреченост.
- **Програми преку проектот – развој на училишниот спорт на средните училишта во градот Скопје**
Создавање услови за спроведување спортски активности на спортистите-аматери, на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците во средните училишта на подрачјето на градот Скопје.
- **Програми за активности на лица со попреченост на подрачјето на градот Скопје**
Создавање услови за спроведување спортско-рекреативни активности кај лицата со попреченост, како што се: шах, игра голбал, шоудаун, стрелаштво, пинг-понг, одбојка, атлетика, куглање и други.

- **Дополнително утврдени активности во спортот**
Создавање услови за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации што не се опфатени во горенаведените области.

**4. Општи услови и критериуми**
Апликантите се должни да поднесат пријава за наведените области од точка 3 на повикот.

Поднесените пријави треба да ги задоволуваат општите и бодовните критериуми кои се составен дел на Правилникот, кој што ќе биде објавен на официјалната веб-страница на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

Во постапката за доделување на финансиски средства од Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје за 2023 година, ќе бидат прифатени оние програми, проекти, програмски активности и манифестации што согласно критериумите и бодовните листи ќе обезбедат најмалку **60** бодови.

**5. Начин на пријавување и задолжителна документација**
За пријавувањето на Јавниот повик, апликантите се должни да ја достават следнава документација:
- Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
- Програма и финансиски план за реализација на спортски програми, проекти, програмски активности и манифестации;
- Решение за вршење дејност спорт, издадено од Агенцијата за млади и спорт (за спортските клубови);
- Копија од Решение за упис во Централен Регистар на Република Северна Македонија;
- Копија од Тековна состојба на субјектот не постара од 6 месеци, издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија;
- Телефон за контакт, адреса и е-маил адреса;
- Потврда од банката за активна трансакциска сметка на спортскиот субјект;
- Потврда дека спортскиот субјект е член на соодветната национална спортска федерација (за спортските клубови) и доколку спортскиот субјект со своите програми и активности учествува во ранг на натпреварувачка лига организирана од соодветната национална спортска федерација, да се достави потврда од федерацијата за рангот на натпреварувањето;
- Референтна листа за спортските успеси и резултати во последните три години, поткрепени со докази од соодветните национални спортски федерации или други спортски институции.

**6. Рок и начин на доставување на пријавите**
Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk), во печатени медиуми (и тоа во најмалку еден дневен весник на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот) и во електронски медиуми.
Јавниот повик се објавува на 12.04.2023 година и ќе трае 15 календарски дена, најдоцна до 28.04.2023 година до **15:00** часот.

Потребната документација, апликантите ја поднесуваат во затворен плик до Комисијата преку Архивата на Град Скопје, или преку пошта на адреса: Булевар „Илинден“ бр.82, 1000 Скопје, со назнака: „До Сектор за јавни дејности – Комисија за спроведување на постапка за доделување на финансиски средства за програми, проекти, програмски активности и манифестации во областа на спортот за 2023 година“.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува апликантот.

Пријавата со потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски, потпишана и заверена/печатирана од одговорното лице на апликантот.

**7. Начин на спроведување на јавниот повик**
За утврдување на исполнувањето на критериумите од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување финансиски средства, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапка за доделување на финансиски средства за програми, проекти, програмски активности и манифестации во областа на спортот за 2023 година.

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите од Правилникот, Комисијата дава предлог до Градоначалникот за доделување на финансиски средства на апликантите.

Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства.

Ненавремено доставените пријави, Комисијата нема да ги разгледува.

Рачно пополнетите пријави воопшто нема да бидат разгледувани.

Комисијата ќе ги извести апликантите чии пријави се прифатени и апликантите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите од Правилникот.

***За дополнителни информации:***
Дополнителни информации можат да се добијат во Секторот за јавни дејности – одделение за спорт и млади на телефоните: 3297-238 и 3297-320.

**ГРАД СКОПЈЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**